Врз основа на член 8-а став (3) од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/01, 50/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08, 105/09, 34/10, 24/11, 55/11 и 135/11), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за издавање акцизна дозвола, односно на решение за одбивање на барањето за издавање акцизна дозвола

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за издавање акцизна дозвола, односно на решение за одбивање на барањето за издавање акцизна дозвола во рокот утврден во членот 8-а став (1) од Законот за акцизите.

Член 2

Барањето заради недонесување на решение за издавање акцизна дозвола, односно на решение за одбивање на барањето за издавање акцизна дозвола се поднесува на образец – „Барање заради недонесување на решение за издавање акцизна дозвола, односно на решение за одбивање на барањето за издавање акцизна дозвола “, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20 - 34528/4
11. 11. 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ I СКОПЈЕ

ПРИЛОГ

ДО ПИСАРНИЦАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ЦАРИНСКА УПРАВА

БАРАЊЕ

зaради недонесување на решение за издавање акцизна дозвола,
односно на решение за одбивање на барањето за издавање
акцизна дозвола

Од_______________________________________________________________________________

(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице - подносител на барањето)

_________________________________________________________________________________

(седиште на правно лице/адреса на физичко лице - подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, согласно рокот утврден во член 8-а став (4) од Законот за акцизите да постапите по барањето за донесување на решение за издавање акцизна дозвола поднесено под број ________________ од _____________ година до Царинска управа, чија копија ви ја доставувам во прилог.

Место и датум

_________________________

Подносител на барањето

________________________________________